Република Северна Македонија

**Министерство за правда**
Бр.УП 11-1071
22.10.2019 година
Скопје

Врз основа на поднесено барање за потврдување на јавен интерес за дадена донација од МЦГО Скопје, а во врска со член 21 став 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06,86/08, 51/11, 28/14 и 153/15 )министерот за правда донесе

**РЕШЕНИЕ**

Донацијата во материјални добра во износ од 25.310,00 денари на Општина Крушево дадена од МЦГО Скопје, **се потврдува како донација од јавен интерес во областа на социо хуманитарната дејност.**

Образложение

До Министерството за правда согласно член 21 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности доставено е барање за издавање на решение со кое се бара потврдување на јавниот интерес на донацијата на Општина Крушево дадена од МЦГО Скопје.

Кон барањето е приложен договорот за донација склучен помеѓу МЦГО Скопје, претставувано од управител Лорета Георгиева, како давател и Општина Крушево, претставувано од градоначалникот Томе Христоски, како примател, чиј предмет на донирање се материјални добра опрема вредност од 25.310,00 денари, наменети за поддршка на воспитно – образовниот процес во центарот за ран детски развој .

Предметниот договор е во согласност со членот 10 став 2 од законот, според кој "Предметот на донацијата и спонзорството мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата и спонзорството", како и членот 11 став 2 од законот според кој "Донацијата се дава на примателот на донацијата со цел да се задоволат неговите декларирани, јавно утврдени потреби и цели и/или да се решат одредени состојби и проблеми.

Министерството за правда согласно член 21 став 4 од законот, побара мислење од надлежниот орган- Министерство за труд и социјална политика, како основа за решавање по барањето.

Министерството за труд и социјална политика со мислење бр.10-5834/2 од 20.08.2019 година, смета дека дадената донација е од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
д-р Рената Дескоска

Подготвил: Никола Бабановски, советник
Одобрил: Мира Димишковска, раководител на одделение